Дневник
on-line издание



БЕЗ ПАРДОН






Powered by nextsense webBuilder

ПРИЈАТЕЛИ НА ДНЕВНИК
www.aber.net.mk
АВТО+
грађански СВЕТ
МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ
K-15 PRODUCTION
МакСпортНет
najdi.org.mk/blog
On.net
ПРЕМИН
Southeast European Times
Телекабел
Мрежа ЖИВО НАСЛЕДСТВО
nabu.com.mk

## ОТВОРЕНА

hit@ol
EXPLORINGMACEDONIA.COM
ИСТРАЖЕТЕ И РЕЗЕРВИРАЈТЕ

### ПИСМА

# Колку ти чини, Кољо, Александарот?

Во последно време актуелно е да се дискутира за постоењето врска помеѓу денешните Македонци и античките Македонци. Политичари, правници, филозофи, теолози, фармаколози, лингвисти и додекатеисти минуциозно го разглобуваат етничкиот состав на населението на Македонија, во еден временско-просторен дијаграм и го одредуваат процентот на античкиот Македонец и Словен, во нашите гени. И сите се сложни дека археолозите и историчарите кои се занимаваат со антиката не му даваат доволно важност на оваа прашање. По нивно мислење, треба сите заедно да копаме и да вадиме од утробата на земјата археолошки предмети, па при следната средба на преговарачите за името нашата страна ќе и' каже на грчката: ајде сега, вази од крај на 4 век п.н.е. преброј се ! Ќе биде жално ако некои археолози западнат во оваа замка. Политички ангажираната археологија е несериозна археологија, но е најприсутна на Балканот.

Додека секој си дава за право да критикува и да дава насоки како треба да се движат археолошките истражувања („во следниве две години докажете дека Александар кога би имал денеска избор никогаш не би полетал од аеродромот „Александар Велики" во Кавала, Грција, туку секогаш би летал со МАТ од „Александар Велики" од Скопје, Македонија"), никому, ни на најголем дел од одговорните не му е гајле за продавањето и изнесувањето антички предмети од земјата. Тука бизнисот си е бизнис - „Колку ти чини, Кољо, Александарот"?!

Се појавуваат на светските аукции предмети од „непознато потекло" за кои секој студент по археологија од прва година би можел да каже дека се од Македонија. Се шетаат сомнителни лица по Македонија со детектори за метал. Македонија мудро молчи, мудрост или незрелост? Ако државата ни е млада, мора ли да ги преживееме сите фази од заштитата на културното наследство ? Не ли може да се послужиме со искуството од другите држави според „копи-пејст" систем? Дали навистина треба да ја поминеме фазата како Грција пред 50-ина години кога секој можел слободно на пазар да си купи антиквитети? За вистинска акција се однесуваме како хипнотизирани. Селаните се сликаат со детектори за метал в раце, горделиво ги советуваат археолозите, кои се ставени во позиција да преговараат со нив! Дивите копачи ги именуваме „трагачи", за да не се навределе!!! (Во една ТВ-емисија див копач гордо објаснуваше за својата „вештина"). Нормално би било, тој од студиото да биде испратен со полициска придружба во полициска станица. Како на ТВ- емисија да поканат дилери со дрога и да седат со јавниот правобранител.

Никој не ја информира јавноста што се случува со враќањето на културното богатство од Македонија од Музејот во Белград како дел од колекцијата на бивша Југославија? Дали и тука Македонија мудро молчи. Да се вратат археолошки предмети не е неможно. На Грција од приватни колекции и' беа вратени делови од фризот од Партенон и од Ерехтејон. Грција работи на враќање на скулптурите, фризовите и другите предмети од Британскиот музеј, „Лувр" и од други светски музеи. Италија и Грција почнаа процес против Марион Тру, бившата директорка-куратор на музејот „Пол Гети" во Малибу, Калифорнија, по кој таа си даде оставка, а многу предмети им беа вратени оти биле купени под сомнителни околности. Потоа

hit@ol
SEEbiznet.mk
РЕЧНИК НА ИНТЕРНЕТ МАРКЕТИНГ ТЕРМИНИ

Колумна
Две лаги и еден демант
пишува: Никола Поповски

Едиторијал
Катанец за одговорноста
пишува: Анета Тодевска

Колумна
Акшам-пазар
пишува: Ибрахим Мехмети

ВРЕМЕ
Четврток: мин-макс -4/5
Петок: мин-макс -7/13

ХОРОСКОП

КУРСНА ЛИСТА
EUR 61.41
AUD 31.80
USD 45.51
GBP 66.44

XML

уште неколку музеи во Америка вратија скулптури на Италија. Но, Италија се бори против дивите копачи и трговци со националното богатство со иста жестокост како и со останатата мафија. Полицијата располага со посебен сектор за заштита на културното наследство кој со ефикасноста е пример за светот. Агентите се обучени и дејствуваат како „Џејмс Бондови", облечени во скапи костуми од врвни креатори, се инфилтрираат во круговите на трговците, претставувајќи се како богати купувачи за да ја разоткријат мрежата на трговијата со културно наследство. Службата се грижи за околу 100.000 археолошки локалитети, музеи, цркви, манастири и колекции. Италијанците локализираа стотици археолошки предмети украдени од музејот во Багдад и ги вратија во Ирак. Над локалитети што се цел на дивите копачи летаат хеликоптери и во придружба на археолози, со инфрацрвени зраци се следат движењата ноќе и се спречуваат дивите ископувања. Оваа служба има воспоставено соработка за обука и размена на информации со грчките одговорни служби.

Другите држави не чекаат и не ја оставаат грижата за културното богатство за некои други, подобри времиња. Само со сериозна грижа за културното наследство ќе покажеме колку сме достојни за нашата историја.

**Марија Станковска-Šамали, докторант по епиграфија, Сорбона, Париз 4**

**Оставете коментар за објавената вест**

Од кого:

Коментар:

*Ве молиме впишете ја шифрата и притиснете испрати

0000

Испрати

    © 2006 Дневник, сите права задржани